Одговор:

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во врска со Вашето барање под горенавдениот број, Министерството за одбрана Ве информира за следново:

1.Во Министерството за одбрана согласно внатрешната организација постои организациона единица Сектор за комуникации, аналитика и опреативна поддршка чии надлежности односно функции меѓу другото опфаќаат работи и задачи во врска со електронските медиуми, уредување на ВЕБ страната на Министерството, спроведување на работи и задачи во врска со комуникација со јавноста и спроведување на работии задачи во врска со електронските медиуми.

Организационата единица во Министерството за одбрана која е одговорно за комуникација со медиумите е Одделението за медиа и мулти медијална работа. Во ова Одделение се вработени 7 (седум) лица, административни службеници, како што е подолу во табеларниот преглед.

Структурата на Одделението и средства издвоени од буџетот за сите вработени по должности/функции:

| | Работна позиција | Нето плата |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на одделение | 36,210.00 ден |
| 2. | Советник за комуникации со јавноста | 28,272.00 ден |
| 3. | Советник за електронски и печатени медиуми | 29,027.00 ден |
| 4. | Виш соработник за комуникација со јавноста | 27,305.00 ден |
| 5. | Помлад соработник за веб страница и социјални медиуми | 24,746.00 ден |
| 6. | Помлад соработник за комуникации со јавноста | 22,568.00 ден |
| 7. | Уредник на фотографија | 22,998.00 ден |

Министерството за одбрана посебниот советник Лидија Јанчовска Христова е ангажирана и за извршување на работни задачи од областа на односи со јавноста.
Нејзината нето плата изнесува 50.000,00 денари

2. Во однос на прашањето за ангажирани лица со договор за дело, Ве известуваме дека во Министерството за одбрана нема ангажирани лица со договор за дело.